# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


3770 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ
91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51


**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.**

Сабота, 2 јуни 1990
Скопје
Број 18 Год. XLVI

**Аконтацијата за 1990 година изнесува 300 динари. Овој број чини 6 динари. Жиро сметка 40100-603-12498.**


**302.**

Врз основа на член 86 од Законот за општо народна одбрана („Службен весник на СРМ“ бр 17/88) и член 67 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА И ЗА НИВНОТО ИМЕНУВАЊЕ

Член 1

Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија се состои од претседател заменик и 15 членови.

Член 2

д-р Владимир Митков, претседател на Претседателството на СР Македонија, по својата функција е претседател на Советот за народна одбрана.

Член 3

За заменик на претседателот на Советот за народна одбрана се именува:

— Драгољуб Ставрев, член на Претседателството на СРМ.

За членови на Советот за народна одбрана се именуваат:

1. Душко Апостоловски, претседател на Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита на Собранието на СРМ,
2. д-р Тито Беличанец, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ,
3. Петар Вероновски, генерал мајор, началник на Републичкиот штаб за територијална одбрана,
4. Васил Влашки, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ и командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита,
5. м-р Павле Георгиевски, потпретседател на Собранието на СР Македонија,
6. Ѓорѓи Зарински, заменик на републичкиот секретар за народна одбрана, воедно и заменик на секретарот на Советот за народна одбрана,
7. Јордан Јорданов, полковник,
8. Никола Кастратовиќ, генерал-полковник во пензија,
9. Зоран Костовски, републички секретар за народна одбрана, воедно и секретар на Советот за народна одбрана,
10. Ламбе Михајловски, член на Советот на Републиката,
11. Александар Симески, раководител во стопанството,
12. Јордан Спасовски, претседател на Републичката конференција на Сојузот на резервните воени старешини на Македонија,
13. Теодор Троха, генерал-мајор, заменик на командантот на Скопската армиска област,
14. Станое Цветановски, член на РО на СЗБ од НОВ на Македонија,
15. Димитар Шешов, заменик на републичкиот секретар за внатрешни работи.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СРМ и за нивното именување („Службен весник на СРМ“ бр. 19/86), како и одлуките за измена на истата („Службен весник на СРМ“ бр. 30/86, 41/87, 16/88, 48/88, 12/89, 30/89, 40/89 и 45/89).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-460
25 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

---

**303.**

Врз основа на член 16 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ“ бр. 27/75), и член 56 став 1 алинеја 7 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОРЕДОКОТ УТВРДЕН СО УСТАВОТ

I

Со оваа одлука се именува претседател на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот, се утврдуваат лицата кои по свои функции, согласно закон, се членови на Советот и се именуваат други членови на Советот.

II

За претседател на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот се именува:

— д-р Владимир Митков, претседател на Претседателството на СРМ.

III

За членови на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот се именуваат:

— м-р Глигорие Гоговски, претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

— Јован Трпеновски, републички секретар за внатрешни работи,

— Зоран Костовски, републички секретар за народна одбрана,

— Тито Петковски, секретар на Претседателството на ЦК СКМ,

— Стојан Аспровски, командант на територијалната одбрана на Македонија.

IV

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за заштита на поре-

докот утврден со Уставот („Службен весник на СРМ“ бр. 19/86), како и одлуките за измена на истата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/87, 16/88 и 27/89)

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-461
25 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**304.**

Врз основа на член 56 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА ДЕЛОВНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

Член 1

Во Деловникот на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 32/82) членот 72 се менува и гласи:

„Претседателството ги именува членовите на комисиите од редот на членовите на Претседателството, Советот на Републиката и од редот на научните, стручните и други јавни работници. Претседателите на комисиите се именуваат од редот на членовите на Претседателството“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-462
25 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**305.**

Врз основа на член 71 и 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ на седницата одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОСТАВОТ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛИКУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА

I

Со оваа одлука се утврдува составот и се именува претседател и членови на Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ.

II

Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ има претседател и 9 членови.

III

За претседател на Комисијата за одликување се именува:

— Фахри Каја, член на Претседателството на СРМ

За членови на Комисијата се именуваат:

1. д-р Ѓорѓи Михајловски, член на Претседателството на СРМ,
2. Ристо Дамјановски, полковник во Републичкиот штаб за територијална одбрана,
3. Илија Јовчевски, член на Претседателството на РК на Сојузот на резервните воени старешини на Македонија,
4. д-р Саво Климовски, претседател на Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура,
5. Нако Николовски, претставник на Стопанската комора на Македонија,
6. Симка Павлевска, претставник на Конференцијата за општествена активност на жените,
7. Даница Поповска, член на Републичкиот одбор на СЗБ од НОВ на Македонија,
8. Фана Тозија, член на Советот на Републиката,
9. Вељо Ќулавковски, претставник на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија.

IV

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за составот и именувањето на претседател и членови на Комисијата за одликување на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 30/86, како и одлуките за измена на истата („Службен весник на СРМ“ бр. 43/87, 15/89 и 45/89).

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-463
25 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**306.**

Врз основа на член 71 и 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОСТАВОТ И ИМЕНУВАЊЕТО ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Со оваа одлука се утврдува составот и се именува претседател и членови на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ.

II

Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ има претседател и осум членови.

III

За претседател на Комисијата за претставки и предлози се именува:

— Драгољуб Ставрев, член на Претседателството на СРМ.

За членови на Комисијата се именуваат:

1. Петар Андоновски, судија на Судот на здружен труд на СРМ,
2. Цветан Аврамовски, пензионер,
3. Софе Димитриевски, јавен работник,
4. Бранислав Димковски, член на Советот на Републиката,
5. Боро Ефремов, член на Советот на Републиката,
6. Кемал Мусли, член на Советот на Републиката,
7. Осман Мифтари, член на Советот на Републиката,
8. Ели Наумовска, член на Советот на Републиката.

IV

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за составот и именувањето на претседател и членови на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 24/86), како и одлуките за измена на истата („Службен весник на СРМ“ бр. 30/86, 15/87 и 30/89).

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-464
25 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**307.**

Врз основа на член 71 и 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОСТАВОТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА

I

Со оваа одлука се утврдува составот и се именуваат претседателот и членовите на Комисијата за помилување на Претседателството на СР Македонија.

II

Комисијата за помилување на Претседателството на СРМ има претседател и шест члена.

III

За претседател на Комисијата за помилување се именува.

— Лилјана Куцулова, член на Претседателството на СРМ.

За членови на Комисијата се именуваат:

1. Каменчо Ѓоргов, јавен работник,
2. Мети Крлиу, член на Советот на Републиката,
3. Михајло Маневски, републички секретар за правосудство,
4. Бранко Стојковски, член на Советот на Републиката,
5. Загорка Трајчевска, јавен работник.

IV

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за составот и за именување на претседател и членови на Комисијата за помилување на Претседателството на СРМ, („Службен весник на СРМ" бр. 20/76), како и одлуките за измена на истата („Службен весник на СРМ" бр 30/86, 9/88 и 45/89).

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-465
25 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**308.**

Врз основа на член 1 од Одлуката за образување Координационо тело за организирано, усогласено и координационо остварување на мерките и активностите во областа на популационата политика („Службен весник на СРМ" бр. 37/89 и 12/90), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАЦИОНОТО ТЕЛО ЗА ОРГАНИЗИРАНО, УСОГЛАСЕНО И КООРДИНАЦИОНО ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПОПУЛАЦИОНАТА ПОЛИТИКА

1. Во точка 1 потточка в) по зборот „Делегирани" се дополнува со:

— д-р Александар Ношпал, заменик на претседателот на Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика;

— Дончо Герасимовски, помошник на директорот на Републичкиот завод за статистика;

— Гордана Цонова, новинар во Редакцијата „Нова Македонија";

— Лилјана Гуциновска, уредник на емисии во Радио-Телевизија Скопје

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-683/2
18 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**309.**

Врз основа на член 178 став 3 и 4 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80, 28/88 и 48/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Ленче Софрониевска, досегашен член на Претседателството на ЦК СКМ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-970/2
18 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**310.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80, 28/88 и 48/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

1. За помошник на директорот на Републичкиот завод за статистика се назначува Славка Атанасова, досегашен началник на Одделението за индустрија, градежништво и сообраќај.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1012/2
18 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**311.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80, 28/88 и 48/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

1. За советник на директорот на Републичкиот завод за статистика се назначува Ана Адамчевска, досегашен началник на Одделението аз методологии и анализи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1012/3
18 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

---

**312.**

Врз основа на член 170 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80, 28/88 и 48/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

1. За директор на Републичкиот завод за статистика се именува Светлана Антоновска, досегашен директор на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1095/2
18 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**313.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80, 28/88 и 48/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1. За советник на републичкиот секретар за народна одбрана се назначува Салтир Каровски, досегашен претседател на Општинската конференција на ССРН „Чаир“ — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1120/1
18 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**314.**

Врз основа на член 10 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81, 27/85, 43/86, 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87, 6/88, 5/89 и 38/89), и Заклучокот на Комисијата за следење на спроведувањето на Општествениот договор бр. 10-80 од 15 мај 1990 година, Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службени патувања на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија изнесува и тоа:

— 200,00 динари за службено патување надвор од Републиката;

— 180,00 динари за службено патување во Републиката.

2. Ако за време на службеното патување се користи ноќевање, на работниците им се признаваат трошоците за ноќевање во полн износ, врз основа на приложена сметка, со исклучок на хотел „де лукс“ категорија.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 17-792/1 од 7 април 1990 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1091/1
17 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

---

**315.**

Врз основа на член 35 од Законот за фондовите за заеднички резерви („Службен весник на СРМ“ бр. 41/78, 10/85, 14/88, 18/89 и 7/90), републичкиот секретар за финансии донесува

## УПАТСТВО
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО ФОНДОВИТЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕЗЕРВИ

1. Во Упатството за начинот на пресметување и уплатување на здружените средства во фондовите за заеднички резерви („Службен весник на СРМ“ бр. 2/79), во точка 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Одредбите од став 1 на оваа точка се однесуваат и на работните организации кои во својот состав немаат основни организации и на претпријатијата во општествена сопственост, како и на претпријатијата во мешовита сопственост организирани во согласност со Законот за претпријатијата“.

2. По точка 6 се додава нова точка 6-а која гласи:

„6-а. По исклучок од одредбите на точките 2, 3, 4 и 5 од ова упатство во Републичкиот фонд за заеднички резерви по годишната пресметка за 1989 година ќе се здружи 40%, а во општинските фондови до 10% од средствата на резервите.

Пресметувањето на делот од средствата на резервите што се здружуваат во фондовите за заеднички резерви по годишната пресметка за 1989 година ќе се врши на следниов начин:

1. Основица (распореден дел од добивката по годишната пресметка за 1989 година во корист на контото 920 — Законски резерви).

2. Обврска за здружување на средствата и тоа:
— за Републички фонд за заеднички резерви (р. бр. 1 х 40%)

— за Општински фонд за заеднички резерви (р. бр. 1 х со општинската стапка но најмногу до 10%).

3. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-241/1
5 март 1990 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р.

316.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 29 март 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 9 точка 6 од Одлуката за доделување и уредување на градежно земјиште, донесена од Собранието на Општината Дебар на 3 март 1989 година.

2. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на:

— член 9 точка 4 и член 19 од одлуката означена во точката 1 од оваа одлука;

— Заклучокот за одредување на висината на комуналниот надоместок за градежно земјиште доделено на трајно користење за изградба на семејни станбени згради по објавениот конкурс на 3 ноември 1989 година за населба Венец II во Дебар, донесена од Извршниот совет на Собранието на општината Дебар на 27 ноември 1989 година; и

— Заклучокот за утврдување на вредноста на 1 м² корисна станбена површина, за месец декември 1989 година, донесен од Извршниот совет на Собранието на општината Дебар на 19 јануари 1990 година

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Дебар".

4. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на Општината Дебар, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точките 1 и 2 од оваа одлука, затоа што предвидувале при доделување на градежно земјиште соодветната комисија да води сметка за урамнотежениот распоред на националниот состав на населбите, што од правото на доделување на градежно земјиште се исклучуваат граѓаните кои немаат живеалиште на подрачјето на општината Дебар најмалку 5 години, што Собранието на општината своето овластување за утврдување на трошоците за уредување на градежно земјиште со програмата го пренело на Извршниот совет и што Извршниот совет не е надлежен со заклучокот да го утврдува надоместокот за уредување на градежно земјиште, што не било во согласност со Уставот и било во спротивност со Законот.

5. На јавната расправа и на седницата Судот утврди дека во член 9 точка 6 од Одлуката за доделување и уредување на градежното земјиште е предвидено учесниците на конкурсот да се државјани на СФРЈ и да се жители на општината Дебар најмалку 5 години.

Согласно член 185 став 1 точка 17 од Уставот на СР Македонија и член 37 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на СРМ" бр. 10/79), Општината е овластена да го уредува користењето на градежното земјиште и да ги утврдува условите, начинот и постапката за доделување на тоа земјиште.

Според мислењето на Судот, при определувањето на условите врз основа на кои се доделува градежно земјиште треба да се почитуваат уставното начело на еднаквост, како и одредбите на член 234 од Уставот на СР Македонија, со кои се гарантира слободата на движењето и на станувањето, поради што живеалиштето може да биде само основ за утврдување приоритет при доделување на градежно земјиште, а не и услов за доделување на земјиште.

Со оглед на тоа што во член 9 точка 6 од Одлуката е предвидено дека граѓаните што не се жители на Општината Дебар се исклучуваат од можноста да учествуваат во постапката за доделување земјиште, Судот утврди дека оваа одредба не е во согласност со начелото на еднаквост утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела и со член 234 од Уставот на СР Македонија.

6. Исто така, Судот утврди дека во член 9 точка 4 од означената одлука е предвидено соодветната комисија при доделување на градежно земјиште за изградба на индивидуални станбени објекти да води сметка за урамнотежениот распоред на националниот состав на населбата.

Согласно член 160 и 193 став 3 од Уставот, Собранието на општината, во рамките на своите права и должности, ја утврдува политиката на извршување на прописите и другите општи акти и утврдува обврски на органите и организациите во врска со извршувањето на тие прописи и општи акти и ја насочува работата на извршниот орган и органите на управата.

Од изнесените законски одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека Собранието на општината, во рамките на своите права и должности, може да ја утврдува политиката и да дава насоки за работата на извршните органи и на органите на управата, а во тие рамки и насоки за обезбедување и остварување на рамноправноста на народите и народностите кои живеат на определено подрачје.

Со оглед на тоа што во член 9 точка 4 од одлуката е предвидено соодветната комисија при доделувањето на градежното земјиште да води сметка за урамнотежениот распоред на националниот состав на населбата, Судот утврди дека оваа одредба не е во несогласност со означените уставни одредби.

7. Понатаму, Судот утврди дека во член 19 од Одлуката е предвидено дека по правосилноста на решението донесено од Конкурсната комисија Извршниот совет на Собранието на општината да донесува решение со кое го доделува градежното земјиште на најповолниот учесник во конкурсот.

Според член 3 став 1 и член 37 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на СРМ" бр. 10/79 и 18/89), Собранието на општината е овластено да ги уредува работите кои се однесуваат на доделувањето на градежното земјиште и да ги пропише условите, начинот и постапката за доделување на користење на тоа земјиште. При тоа, согласно членовите 160, 164 и 165 од Уставот на СР Македонија, извршувањето на прописите и другите општи акти односно одлуките на Собранието на општината е функција на извршниот совет и на органите на управата.

Со оглед на тоа што во случајов со одлуката, донесена од собранието на општината, се утврдени условите и начинот на доделување на градежното земјиште, а извршниот совет е овластен во извршувањето на одлуките да донесува решенија за доделување на градежно земјиште, Судот утврди дека член 19 од Одлуката не е во несогласност односно не е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

8. Исто така, Судот утврди дека Собранието на општината Дебар има донесено Програма за уредување на градежно земјиште за 1989 година, во која е утврден обемот и степенот на уредноста, изворите на средствата и тарифа на трошоците по зони и единици.

Во глава VIII точка 11 од Програмата е утврдено дека основата за одредување на висината на надоместокот за комунално уредување на градежното земјиште претставува вредноста на м² корисна станбена површина, договорена во градежната оперативa, што ќе ја одреди Извршниот совет секој месец со посебен заклучок.

Понатаму, Судот утврди дека во Заклучокот, донесен од Извршниот совет на 19 јануари 1990 година, е определена висината на чинењето на 1 м² корисна станбена површина за месец декември 1989 година, а во Заклучокот, донесен од Извршниот совет на 27 ноември 1989 година, е утврдено дека висината на надоместокот за комунално уредување на градежното земјиште за населбата Венец II се одредува врз основа на трошоците за делумно уредување на градежното земјиште во таа населба.

Согласно член 39 од Законот за градежното земјиште, уредувањето на градежното земјиште се врши врз основа на среднорочни и едногодишни програми кои ги донесува Собранието на општината односно собранието на соодветната самоуправна интересна

заедница во согласност со Собранието на општината ако уредувањето на градежното земјиште е пренесено на самоуправната интересна заедница како јавно овластување.

Со оглед на тоа што во случајов Собранието на општината има донесено програма за уредување на градежното земјиште, во која се утврдени основите за пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште а Извршниот совет, врз основа на овластувањето од Собранието на општината го определува износот на трошоците за секој месец, Судот утврди дека оспорените заклучоци не се во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 205/89 и 31/90
29 март 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов,** с. р.

**317.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 11 април 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) Одлуката за воведување самопридонес за асфалтирање улици, донесена од Собирот на граѓаните на Месната заедница „Три Чешми" во Штип на 15 август 1987 година и

б) Одлуката за воведување самопридонес за асфалтирање улици, донесена од Собирот на граѓаните на Месната заедница „Три Чешми" во Штип на 5 ноември 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената Месна заедница во Штип на начин определен за објавување на општите акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 154/89 од 6 декември 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуките означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната спротивност со Законот за општите начела на самопридонесот, со оглед на тоа што не се донесени со референдум и што како обврзници на самопридонесот се предвидени семејните домаќинства, а не работните луѓе и граѓаните поединечно.

4. Во одговор на наводите во решението за поведување на постапката доносителот на оспорените одлуки наведе дека за донесување на одлуката не било нужно да се спроведе референдум, затоа што се работи за воведување самопридонес за дел од месната заедница и дека за прифаќањето на обврските од самопридонесот мнозинството од граѓаните потпишале писмени договори, што, според член 6 став 2 од Законот за општите начела на самопридонесот, е можен начин на одлучување за воведување самопридонес за дел од месната заедница.

5. На седницата Судот утврди дека оспорените одлуки се донесени на собири на граѓаните и дека со нив како обврзници на самопридонесот се утврдени сите семејни домаќинства од делот на Месната заедница. Судот, исто така, утврди дека претставници на семејните домаќинства склучиле одделни писмени договори со Месната заедница, со кои се обврзале да платат определен износ за асфалтирање на улиците во с. Три Чешми

6. Според член 6 став 1 и 2 од Законот за општите начела на самопридонесот („Службен весник на СРМ" бр. 27/78) за воведување на самопридонес за подрачјето на општината односно месната заедница работните луѓе и граѓаните одлучуваат со референдум, а за воведување на самопридонес во дел од месната заедница може да одлучат и со потпишување писмени изјави. Согласно член 14 од истиот закон на собир на работните луѓе и граѓаните се одлучува за прифаќање на иницијативата за воведување самопридонес а според член 17 од Законот самопридонесот се смета за воведен ако за него се изјасниле со референдум односно со писмени изјави повеќе од половината од работните луѓе и граѓаните запишани во избирачкиот список.

Согласно членовите 8 и 10 од Законот обврзници на самопридонесот се работните луѓе и граѓаните од подрачјето за кое се воведува самопридонесот, а неговата висина се утврдува сразмерно на нивните лични доходи и други приходи.

Од изнесените законски одредби произлегува дека потпишувањето писмени изјави е облик на одлучување на работните луѓе и граѓаните за воведување на самопридонес со иста правна природа и последици како и одлучувањето со референдум, кога се одлучува за воведување самопридонес за дел од месната заедница. Во согласност со тоа, Судот оценува дека предмет на писмените изјави во смисла на законот може да биде донесувањето на одлука за воведување самопридонес со сите нејзини елементи што ги предвидува законот и со правно дејство на општ акт што ги обврзува граѓаните на подрачјето за кое се донесува. Поради тоа, Судот смета дека склучените писмени договори помеѓу месната заедница и граѓаните не може да се сметаат за начин на изјаснување за воведување самопридонес што ќе ги обврзе сите граѓани од соодветното подрачје, туку дека претставуваат облик на прифаќање лични обврски на граѓаните што ги потпишале.

Со оглед на тоа што за воведување на самопридонесот, што е предмет на оспорените одлуки, работните луѓе и граѓаните од делот на месната заедница не одлучиле со референдум односно со потпишување писмени изјави и што како обврзници на самопридонесот се определени семејните домаќинства, а не работните луѓе и граѓаните поединечно, со што и неговата висина не е утврдена сразмерно на нивните лични доходи и други приходи, Судот утврди дека оспорените одлуки се во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 154/89
11 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов,** с. р

**318.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 23 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ член 38 став 1, во деловите во кои работното искуство во струката се предвидува како еден од општите услови за одобрување на специјализација и се предвидуваат дополнителни услови за одобрување на специјализација, и член 39 став 1 точка 1 од Правилникот за стручно оспособување и усовршување на работниците во Работната организација Медицински центар во Струга, донесен од Работничкиот совет на Центарот на 16 јуни 1989 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означениот центар на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 257/89 од 14 март 1990 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Правилникот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот односно спротивност со Законот за здравствена заштита.

4. На седницата Судот утврди дека во член 38 став 1 од Правилникот е предвидено за специјализа-

ција да може да конкурира здравствен работник кој покрај другите општи услови има најмалку една година работно искуство во струката по положувањето на стручниот испит и кој ги исполнува дополнителните услови: самостојност, дисциплинираност, рационалност и економичност, креативност, хуманост, моралност, и е автор или коавтор на стручен труд; не е казнуван за кривични дела против основите на социјалистичкото самоуправно уредување и безбедноста на СФРЈ, за кривични дела против здравјето на луѓето, кривични дела против самоуправувањето, не му е изречена мерка за потешка повреда на работните обврски и нема идејно-политичка мерка; има добра општа психофизичка состојба; и потпише договор дека по завршувањето на специјализацијата ќе остане на работа во Работната организација во период кој ќе биде најмалку два пати подолг од времетраењето на специјализацијата.

Според член 215 став 3 од Уставот на СР Македонија граѓаните имаат право, под еднакви услови утврдени со закон, да стекнуваат знаења и стручна спрема на сите степени на образование, во сите видови училишта и во други установи за образование.

Согласно член 181 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85, 50/87, 27/88 и 36/89) на здравствените работници и здравствените соработници им се одобрува специјализација од определена гранка на специјалност ако го положиле стручниот испит, ако познаваат еден од светските јазици, ако имаат најмалку една година искуство во спроведувањето на здравствената заштита, производство и промет на лекови или во орган на управата надлежен за работите на здравството, по положувањето на стручниот испит.

Од означените уставни и законски одредби произлегува дека стекнувањето на знаења, меѓу кои и специјализацијата, е право на граѓаните што се остварува под услови утврдени со закон.

Со оглед на тоа што со член 38 став 1 од Правилникот под работно искуство во струката не се подразбира и работно искуство во производство и промет на лекови или во орган на управата надлежен за работите на здравството и што со утврдувањето на дополнителните услови доносителот на актот ги надминал рамките на своите овластувања утврдени со Уставот и Законот, Судот утврди дека оспорениот член од Правилникот не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

5. Исто така, Судот утврди дека во член 39 став 1 точка 1 од Правилникот работниот стаж во струката е предвиден и како критериум за определување редот на првенството за упатување на специјализација.

Според член 181 став 2 од Законот за здравствена заштита здравствените организации и другите самоуправни организации и заедници со самоуправен општ акт ги утврдуваат критериумите и постапката за избор на кандидати за специјализација, при што, според мислењето на Судот, се должни да го почитуваат уставното начело на еднаквост утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија.

Со оглед на тоа што од член 39 став 1 точка 1 од Правилникот произлегува дека редот на првенството на кандидатите за упатување на специјализација се утврдува само врз основа на работниот стаж во вршењето на здравствената заштита, а не и во производство и промет на лекови или во орган на управата надлежен за работите на здравството, Судот утврди дека означената одредба од Правилникот не е во согласност со наведеното уставно начело.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 257/89
23 мај 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с. р.

**319.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки на седницата одржана на 4 април 1990 година, донесе

# ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на член 24 и 27 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците во основните организации на здружениот труд и Работната заедница на Работната организација за ПТТ сообраќај „Македонија" во Скопје, донесен од работниците на референдум одржан на 30 јули 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3 Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето за општините Битола и Демир Хисар, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што во член 24 вреднувањето на работниот придонес се врши само преку висината на применетиот личен доход, а во член 27 нереално се вреднува материјалната состојба на работникот, што не било во согласност со Уставот и било во спротивност со законот.

4. На седницата Судот утврди дека во член 24 од Правилникот е предвиден и вреднуван со определен број бодови основот работен придонес во зависност од постигнатите резултати во работата.

Понатаму, Судот утврди дека во член 27 став 1 од правилникот е предвиден и вреднуван основот материјална положба на работникот, а во ставот 2 од овој член е предвидено дека за утврдување на материјалната положба работникот доставува документација, при што приходите се утврдуваат за последните 6 месеци.

5. Според член 42 и 42-а од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73, 14/75, 27/86 и 1/90) давателот на стан односно работниците во самоуправниот општ акт ги уредуваат основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање на стан, при што се должни да ги почитуваат уставните начела на еднаквост, заемност и солидарност изразени во Оддел II став 3 алинеја 6 и 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија.

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека е право на работниците да ги определат основите за утврдување редот на првенство за добивање на стан, а во тие рамки да ги предвидат и вреднуваат основите работен придонес и материјална положба.

Со оглед на тоа што во член 24 од Правилникот е предвиден и вреднуван основот работен придонес и што во член 27 е предвиден и вреднуван основот материјална положба Судот утврди дека тие не се во несогласност со означените уставни начела односно не се во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 25/90
4 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с. р.

**320.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа, на седницата одржана на 11 април 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста на член 9 од Законот за Црвениот крст на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 27/77, 3/85 и 51/88) и на Одлуката за висината на придонесот што се наплатува во полза на Црвениот крст на Македонија, донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 44/88 и 23/89).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

3. Работната организација „Градски кина" во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста на прописите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што со нив се утврдува обврска за кинoприкажувачите да наплатуваат определен процент за секоја влезница во полза на Црвениот крст, со што се зафаќа дел од нивниот доход, се оневозможува со него слободно да располагаат и им се наметнува давачка надвор од системот на даноци и други давачки од доходот од кои се задоволуваат општите општествени потреби, што не било во согласност со членовите 19 и 84 од Уставот на СР Македонија.

4. На седницата и на јавната расправа Судот утврди дека според член 9 од Законот за Црвениот крст на Македонија, за секоја продадена влезница за приредби (културни, кинематографски и забавни), спортски средби и натпревари и на секоја продадена грамофонска плоча и музичка касета, освен на грамофонски плочи и снимени видео касети, магнетофонски и магнетни траки од областа на образованието, науката и уметноста, се наплатува придонес во полза на Црвениот крст на Македонија, чија висина ја утврдува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија на предлог на Републичкиот одбор на Црвениот крст. Според членовите 12, 13 и 14 од Законот придонесот го наплатуваат организациите што ги продаваат влезниците односно плочите и касетите, а собраните средства ги уплатуваат на сметката на општинската организација на Црвениот крст на чие подрачје се собрани и се должни на службата на општественото книговодство да и овозможат контрола на уплатите и на пресметувањето на тие средства.

Судот, исто така, утврди дека со оспорената одлука е утврдена висината на наведениот придонес.

5. Според член 19 став 1 од Уставот на СР Македонија за сиот доход работниците одлучуваат во нивните организации на здружениот труд во согласност со своите уставни права и одговорности спрема другите работници во здружениот труд и спрема општествената заедница во целина. Согласно член 84 став 1 од Уставот работниците во здружениот труд учествуваат во обезбедувањето на општите општествени потреби што ги задоволуваат во општините и во Републиката со плаќање на даноци и други давачки од доходот на организацијата и од своите лични доходи.

Судот оцени дека од содржината на оспорените одредби на Законот не произлегува дека придонес во полза на Црвениот крст на Македонија плаќаат од својот доход кинoприкажувачите и другите организации кои приредуваат приредби односно продаваат грамофонски плочи и музички касети, туку тој придонес го плаќаат граѓаните при купувањето на влезниците за приредбите и натпреварите односно при купувањето на грамофонските плочи и музичките касети. Поради тоа, Судот оцени дека со оспорената одредба од Законот не се зафаќа дел од доходот на организациите на здружениот труд односно дека таа не е во несогласност со наведените уставни одредби.

Во однос на одлуката на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија за висината на придонесот што се наплатува во полза на Црвениот крст на Македонија, Судот смета дека таа претставува спроведбен пропис во однос на оспорениот член 9 од Законот за Црвениот крст на Македонија, па според тоа ниту со неа не се засега во правата на организациите на здружениот труд во поглед на располагањето со остварениот доход, поради што оцени дека таа не е во несогласност со наведените уставни одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука

У. бр. 214/89
11 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов,** с. р.

---

**321.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 4 април 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 1 од Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за работи и работни задачи на работниците во Основната организација на здружениот труд Кланица со ладилник, во состав на ЗИК „Црвена Звезда" во Штип, донесена од Работничкиот совет на 22 февруари 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Штип, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 1 од актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што во самоуправниот општ акт не се утврдени работните задачи за кои е предвидена претходна проверка на стручните и работни способности.

4 На седницата Судот утврди дека во член 1 од оспорената одлука е предвидено дека при засновање на работен однос може да се врши претходно проверување на стручните и другите работни способности на работникот пред неговиот прием на работа во организацијата по пат на тестови, писмена работа, усмен испит, извршување на определени задачи и други облици на претходно проверување, а во објавениот оглас односно конкурс се наведуваат работите и работните задачи за кои се врши проверување на работните способности.

5. Согласно член 14 став 1 од Законот за основните права од работниот однос („Службен лист на СФРЈ" бр. 60/89) пред засновање на работен однос може да се врши проверка на стручните и работни способности на работникот само ако тоа е утврдено како услов за засновање на работен однос.

Според член 20 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ" бр. 45/77, 3/83, 42/85, 46/86, 43/87, 18/89, 28/89 и 36/89) со самоуправен општ акт се утврдуваат работите односно работните задачи за кои е потребно претходно проверување на стручните и другите работни способности, како и начинот, органот и постапката за проверување на стручни и други способности на лицата кои се јавиле на оглас односно конкурс.

Од изнесеното произлегува дека во самоуправниот општ акт се утврдуваат работите и работните задачи за кои е потребно претходно проверување на

стручните и другите работни способности ако тоа е услов за засновање на работен однос, а не тие да се определуваат од случај до случај при објавувањето на огласот.

Со оглед на тоа што во член 1 од Одлуката е предвидено дека при засновање на работен однос може да се врши претходно проверување на стручните и другите работни способности, а при тоа не е утврдено за кои работи и работни задачи ќе се врши проверувањето, Судот утврди дека тој е во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 40/90
4 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов,** с. р.

**322.**

Врз основа на член 9, 10, 13 и 18 од Законот за Црвениот крст на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 27/77, 3/85, 10/85, 51/88 и 28/89) и одлуките на Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 44/88 и 23/89), а согласно член 43, став 1 алинеја 6, член 49 став 1, алинеја 11, член 64 став 1, алинеја 5 и член 66 од Статутот на Црвениот крст на Македонија, на предлог на Претседателството, Собранието на Црвениот крст на Македонија на VII-та седницата одржана на 10 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЧИНОТ НА ПРИБИРАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ПО ЗАКОНОТ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА МАКЕДОНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат прибирањето и распределбата на средствата, кои по член 9 и 10 од Законот за Црвениот крст на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 51/88) и Одлуката на Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 44/88 и 23/89), за висината на придонесот, организациите на здружен труд, другите заедници и општествени организации на СР Македонија, кои во својата дејност наплатуваат влезни билети (за кино претстави, културно-забавни приредби, спортски и други натпревари) и вршат продажба на грамафонски плочи и видео касети, се должни да наплатуваат придонес во полза на Црвениот крст на Македонија.

II. ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА

Член 2

Средствата по членот 1 од оваа одлука организациите на здружен труд, другите заедници и општествените организации ги уплатуваат на одделна збирна жиро сметка на општинските организации на Црвениот крст во филијалите на СОК во СР Македонија (член 13 од Законот) најдоцна до 10-ти во месецот за претходниот месец.

III. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

Член 3

Средствата од членот 1 и 2 од оваа одлука се распределуваат:

— 5% Фонд за општи намени на Собранието на Црвениот крст на Македонија;

— 25% за Собранието на Црвениот крст на Македонија;

— 70% за општинските организации на Црвениот крст.

Распределбата на средствата од алинејата 3 од овој член што се собираат на подрачје на град Скопје, ќе се врши со Спогодба на општинските и Градската организација на Црвениот крст во Скопје.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 4

Комисијата за финансиско-материјално работење на Собранието на Црвениот крст на Македонија и соодветните комисии на општинските организации на Црвениот крст, се должни да се грижат за доследно спроведување на одредбите на оваа одлука.

Член 5

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи привремената Одлука на Собранието на Црвениот крст на Македонија од 28. XII. 1989 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1990 година.

Член 7

По еден примерок од оваа одлука да се достави до Службата на општественото книговодство на СРМ — Централа во Скопје и општинските организации, а општинските организации на Црвениот крст во СР Македонија во препис ја доставуваат до сите организации на здружен труд, други заедници и општествени организации, кои по Законот за Црвениот крст на Македонија се должни да наплатуваат придонес во полза на Црвениот крст на Македонија и до филијалите на СОК во СРМ.

Бр 050-259
10 мај 1990 година
Скопје

Претседател,
**Дарко Тофоски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**157.**

Врз основа на член 45 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје, а согласно член 2 и 4 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 15/90), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје, на 54-та седница одржана на 25 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАМАЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС КАКО ПРИХОД НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ГРАД СКОПЈЕ ВО 1990 ГОДИНА

Член 1

Збирната стапка на придонес од личен доход од работен однос како приход на Самоуправната инте-

есна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје во 1990 година со примена од 1 април 1990 година се намалува за 5% и изнесува 5,70% од кое 4,27% за основно воспитание и образование и 1,43% за општествена заштита на децата.

Член 2

Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование и од социјалната заштита, Меѓуопштинскиот завод за унапредување на предучилишното и основното воспитание и образование на град Скопје, Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието — Скопје и Стручната служба на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје ќе уплатуваат 50% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или збирна стапка од 2,85%, од кое 2,14% за основно воспитание и образование и 0,71% за општествена заштита на децата.

Организациите на здружениот труд од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност на заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности ќе уплатуваат 70% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или збирна стапка од 3,99%, од кое 2,99% за основно воспитание и образование и 1,00% за општествена заштита на децата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1990 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-770
25 мај 1990 година
Скопје

Претседател,
дипл. град. инж. **Спиро Николовски,** с. р.

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — СКОПЈЕ

**158.**

Врз основа на член 2 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на Самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 15/90) и член 54 од Статутот на ЗСИЗ за вработување на град Скопје, и Одлуката на Собранието на МСИЗ за вработување на општините во Скопје, за овластување број 08-4384/12 од 19. X. 1989 година, Извршниот одбор на Собранието на Меѓуопштинската СИЗ за вработување на општините во Скопје, на седницата одржана на 23 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ, ЗА 1990 ГОДИНА БРОЈ 08-5587/12 ОД 24 ДЕКЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Во член еден став еден наместо износот „0,30%" треба да стои „0,285%".

Член 2

Во член еден, став еден, алинеја еден наместо износот „0,15%" треба да стои „0,142%".

Член 3

Во член еден став еден, алинеја два, наместо износот „0,21%" треба да стои „0,199%".

Член 4

Во член два став еден, алинеја три, наместо износот „15%", треба да стои „14,25%".

Член 5

Сето останато во горенаведената одлука останува непроменето.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1990 година.

Член 7

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и „Службен гласник на град Скопје" и ќе се достави до Републичкиот секретаријат за финансии, Градскиот секретаријат за финансии, Службата на општественото книговодство — Филијала — Скопје и Воено-сметководниот центар — Скопје, ВП. бр. 55/73 — Скопје.

Бр. 08-2134/2
23 мај 1990 година
Скопје

Претседател,
**Кире Миовски,** с. р

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА НА ГРАД — СКОПЈЕ

**159.**

Врз основа на член 35 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата на град Скопје, член 2 став 2 и член 3 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година, а согласно Одлуката на Собранието на СИЗ на културата на град Скопје, за овластување на Извршниот одбор, Извршниот одбор на Собранието на СИЗ на културата на град Скопје, на седницата одржана на 28 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ДОХОДОТ И ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ И ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на културните дејности и техничката култура на подрачјето на град Скопје за 1990 година.

Член 2

Во член 2 став 1 алинеја 1 и 2 се менуваат стапките на придонесите и тоа од доходот од стопанството од 1,20% на 1,14% и од личниот доход од работен однос од 2,00% на 1,90% и членот ќе гласи:

„Приходите на СИЗ на културата на град Скопје ќе се остваруваат од следните извори:

| | |
|---|---|
| — од доходот од стопанството | 1,14%; |
| — од личен доход од работен однос | 1,90%; |
| — од личен доход од земјоделска дејност | 0,35%; |
| — од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност | 2,50%. |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" односно „Службен гласник на град Скопје", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година за издвојување од доходот, а од 1 април 1990 година за издвојување од личниот доход.

Бр. 03-280/1
28 мај 1990 година
Скопје

Претседател,
**Зоран Зинзировски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ

**160.**

Врз основа на член 35 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на физичката култура на град Скопје, член 2 став 2 и член 3 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година, а согласно Одлуката на Собранието на СИЗ на физичката култура на град Скопје, за овластувањето на Извршниот одбор, Извршниот одбор на Собранието на СИЗ на физичката култура на град Скопје, на седницата одржана на 25 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ДОХОДОТ И ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на физичката култура на град Скопје за 1990 година.

Член 2

Во член 2 став 1 алинеја 1 и 2 се менуваат стапките на придонесите и тоа од доходот од стопанството од 0,12% на 0,114% од личниот доход од работен однос од 0,25% на 0,237% членот ќе гласи:

„Приходите на СИЗ на физичката култура на град Скопје ќе се остваруваат од следните извори:

| | |
|---|---|
| — од доходот од стопанството | 0,114% |
| — од личен доход од работен однос | 0,237% |
| — од личен доход од земјоделска дејност | 0,075% |
| — од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност | 0,50% |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ односно „Службен гласник на град Скопје“, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година за издвојување од доходот, а од 1 април 1990 година за издвојување од личниот доход.

Бр. 03-165/1
22 мај 1990 година
Скопје

Претседател,
**Бранко Давидовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — МАКЕДОНСКИ БРОД

**161.**

Врз основа на член 14 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) Собранието на ОСИЗ на културата — Македонски Брод, на седницата одржана на 15 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС, ПРИДОНЕС ОД ДОХОДОТ НА ОЗТ, ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ, ПРИДОНЕС ОД САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА И ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ НА СИЗ НА КУЛТУРАТА — МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува стапката на придонесот од доход и бруто личен доход од работен однос по кој основ се обезбедуваат средствата за ОСИЗ на културата — Македонски Брод.

Член 2

Стапката на придонесот од бруто личните доходи од работен однос, придонесот од доходот на организациите на ЗТ и придонесот од личен доход од земјоделска дејност што се издвојуваат за ОСИЗ на културата Македонски Брод, за 1990 година изнесуваат:

— придонес од доходот на ООЗТ, по стапка од 0,57%;

— придонес од личен доход од нестопански дејности, по стапка од 0,57%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,20%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност 0,20%

Член 3

Сите корисници на општествени средства кои не подлежат на формирање на доход, како и работни единици, продавници и претставништва со седиште надвор од општината ќе плаќаат придонес од бруто личен доход, по стапка од 0,57%.

Член 4

Се овластува Службата за општествено книговодство средствата определени за ОСИЗ на културата да ги издвојува на жиро сметка на заедницата согласно оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 03-18/3
15 мај 1990 година
Македонски Брод

Претседател,
**Душан Аламписоски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ГОСТИВАР

**162.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за Самоуправните интересни заедници, член 19 од Самоуправната спогодба за основање на интересна заедница за социјална заштита и член 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/86), член 2 став 2 од Законот на општините и член 46 алинеја 10 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита на седницата одржана на 15 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука Собранието на ОСИЗ за социјална заштита врши измени и дополнувања на одлуката бр. 0801-97/1 од 27. XII. 1989 година и тоа членот еден од оваа одлука, точка еден и два се менува и гласи:

1. се намалува стапката на придонесот од доходот од стопанство за 5% и тоа: од 0,40% на 0,38%;

2. се намалува стапката на придонесот од личен доход од работен однос од нестопанство за 5% и тоа: од 0,70% на 0,67%.

Член 2

Уплатата на придонесот од доходот од стопанство, по стапка од 0,38% ќе се применува од 1. I. 1990 година.

Уплатата на придонесот од личен доход од работен однос од нестопанство од 0,67% ќе се применува од 1. IV. 1990 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0801-30/1
15 мај 1990 година
Гостивар

Претседател,
**Наум Наумоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ДЕМИР ХИСАР

**163.**

Врз основа на член 26 точка 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Демир Хисар, Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА НА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ДЕМИР ХИСАР (ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ) ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Пресметковната стапка за здружување средства во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата (за основно образование) се утврдува во висина од:

— 6,00% од бруто личен доход од работен однос од стопанство и нестопанство·

— 2,00% од личен доход од земјоделска дејност;

— 5,00% од бруто личен доход вршење на самостојна и професионална дејност.

Член 2

За ОЗТ од основното образование и ОЗТ од средното насочено образование се утврдува, по стапка од 3,00% од бруто личен доход.

За ОЗТ од општествена заштита на децата се утврдува, по стапка од 4,20% од бруто личен доход.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1990 година

Бр. 08-37
17 мај 1990 година
Демир Хисар

Претседател,
**Раде Наумовски,** с. р.

**164.**

Врз основа на член 26 точка 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Демир Хисар, Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА) ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Пресметковната стапка за здружување на средствата во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата (за општествена заштита на децата) се утврдува во висина од:

— 2,10% од бруто личен доход од работен однос од стопанство и нестопанство;

— 0,05% од личен доход од земјоделска дејност;

— 0,40% од бруто личен доход од вршење на самостојна и професионална дејност.

Член 2

За ОЗТ од основното образование и ОЗТ од средното насочено образование се утврдува, стапка од 1,05% од бруто личен доход.

За ОЗТ од општествена заштита на децата се утврдува стапка од 1,47% од бруто личен доход.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1990 година.

Бр. 08-37
17 мај 1990 година
Демир Хисар

Претседател,
**Раде Наумовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — КИЧЕВО

**165.**

Врз основа на член 76 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ" бр. 32/87) и член 14 став 1 точка 5 од Статутот на СИЗ за вработување — Кичево, (пречистен текст), Собранието на СИЗ за вработување на седницата одржана на 21 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА — КИЧЕВО ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување на подрачјето на општина Кичево, за 1990 година се утврдува, по стапка од 0,66% освен за:

— организациите од основното и средното насочено образование и од социјалната заштита кои плаќаат придонес од личен доход, во висина од 50% од општата стапка; и

— организациите од општествената заштита на деца, организациите што вршат дејности и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности кои плаќаат придонес од личен доход, во висина од 70% од општата стапка.

Член 2

Придонес за вработување плаќаат работниците и работодавците, членови на СИЗ за вработување.

Член 3

Пресметувањето и плаќањето на придонесот, за вработување се врши за:

— работниците во организациите, од личниот доход на работниците, во кои се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход);

— работниците вработени кај работодавецот од личниот доход во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход), односно основицата на која се пресметуваат придонесите за ПИО и здравствено осигурување;

— работодавецот од основицата според која се плаќа данок од личен доход;

— работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ, придонесот за вработување се утврдува на 14% од паушалниот износ на данокот; и

— работниците на привремена работа во странство според основицата и стапката што ги утврдува Собранието на РСИЗ за вработување.

Член 4

За начинот на пресметувањето и наплатувањето на придонесот за вработување се применуваат соодветните одредби од Законот за даноци на граѓаните.

Облогот и наплатата на придонесот за вработување за работодавачите и за работниците вработени кај работодавачите го врши надлежниот орган за приходи во Општината.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за вработување на подрачјето на СИЗ за вработување — Кичево, за 1990 година бр. 08-1109/1 од 26. XII 1989 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1990 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-271/1
21 мај 1990 година
Кичево

Претседател,
**Симјан Папазоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КРИВА ПАЛАНКА

**166.**

Врз основа на член 103, 104 и 107 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 258 и 159 од Статутот на Општинската заедница на здравствено и здравствено осигурување — Крива Паланка, а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување — Крива Паланка, на седницата одржана на 26 април 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА ЗА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците се определува во висина од 8,55% од бруто личниот доход и другите примања во кој се содржани:

— стапката на придонесот за здравствени видови на здравствена заштита од 3,90% и

— стапката на придонесот за правата на здравствена заштита што ги утврдува самостојно Собранието на Заедницата 4,65%.

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и професионално заболување се определува во висина од 0,95%

Основицата за пресметување на придонесот за несреќа на работа и професионално заболување кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход намален за пресметаните законски и договорени обврски, освен данокот на доход.

Основицата кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести, по 0.95% од бруто основицата пресметуваат и плаќаат обврзниците на придонесот кои не формираат доход за вработени по договор за дело.

Стапката на додатниот придонес за партиципација за задолжителните видови на здравствена заштита на проширените права од здравствено осигурување се определува, во висина од 0,76%.

Додатниот придонес од 0,76% се наплатува од истата основица од која се наплатува придонесот за несреќа при работа и професионално заболување.

Член 2

За корисниците за која се утврдува само чист личен доход, придонесот за здравствена заштита се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на пресметана стапка за личен доход врз основа на збирот на републичката и општинската стапка на придонесот од личниот доход.

Член 3

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува, по стапка од 25% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука за деташираните работници во странство.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапките односно тарифата на придонесот определен во член 1 од оваа одлука.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин со Законот и актите на Заедницата за здравство и здравствено осигурување на работниците Крива Паланка.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 10-56 од 2. II. 1990 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. IV. 1990 година за придонесот од личниот доход, а од 1. I. 1990 за придонесот од доходот, и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 10-273
26 април 1990 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КУМАНОВО

**167.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1990 година („Службен весник на СРМ" број 15/90) и член 147 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги, одржана на 17 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКА НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување стапка на придонес за здравствена заштита на работниците за 1990 година („Службен весник на СРМ" број 13/90), во член 1 став 1 процентот од „11%" се заменува со процентот од „10,45%", а процентот во првата алинеја од „6,60%" се заменува со процентот од „6,25%" додека процентот во алинеја 2 од „4,40%" се заменува со процентот од „4,20%".

Во член 2 процентот од „1,5% се заменува со процентот од „0,95%".

Член 2

Во член 3 став 1 процентот „0,5%" се заменува со процентот „0,475%" процентот во став 2 на истиот член од „1%" се заменува со процентот од „0,95%".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се приме-

нува од 1. I. 1990 година за стапките од член 2 од оваа одлука, а од 1. IV. 1990 година за стапките од член 1 од оваа одлука.

Бр. 03-725/2
17 мај 1990 година
Куманово

Претседател,
**Јордан Спасовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КУМАНОВО

**168.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година и член 26 алинеја 9 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Куманово, ИО на Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Куманово на седницата одржана на 16 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КУМАНОВО ЗА 5% ОД 1. IV. 1990 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонеси за финансирање на дејноста на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Куманово, се намалуваат за 5% и сега изнесуваат:

— 5,225% придонес од личен доход, од работен однос од бруто личниот доход за основно образование;

— 0,95% придонес од личен доход, од работен однос од нето личниот доход за основно образование;

— 1,425% придонес од личен доход, од работен однос од бруто личниот доход за општествена заштита на децата;

— 0,38% придонес од личен доход, од земјоделска дејност за основно образование;

— 0,095% придонес од личен доход, од земјоделска дејност за општествена заштита на децата;

— 6,175% придонес од личен доход, од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност за основно образование;

— 1,425% придонес од личен доход, од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност за општествена заштита на децата;

— 2,613% придонес од личен доход, од работен однос од бруто личниот доход за основно образование за организациите од основното, средното насочено образование и социјалната заштита од општината Куманово;

— 0,475% од придонес од личен доход, од работен однос од нето личниот доход за основно образование за организациите од основното, средното насоченото образование и социјалната заштита од општината Куманово;

— 3,65% придонес од личен доход, од работен однос од бруто личниот доход за основно образование за организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско музичките дејности од општината Куманово;

— 0,665% придонес од личен доход, од работен однос од нето личниот доход за основно образование за организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности од Општината Куманово.

Член 2

Пресметувањето на средствата по намалените стапки утврдени во член 1 на Одлуката ќе се врши од 1. IV. 1990 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 09-159/LV-1
16 мај 1990 година
Куманово

Претседател,
**Стојчо Лазаревски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — КУМАНОВО

**169.**

Врз основа на член 2 став 8 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на Самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 15/90) и член 14 точка 4 од Статутот на Заедницата за вработување — Куманово, Собранието на Заедницата за вработување — Куманово, на седницата одржана на 24 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ СТАПКА НА ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Во одлуката за одредување стапка на придонес за вработување за 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 13/90) во член 1 процентот од „0,57%" се заменува со процентот „0,541%".

Член 2

Во член 2 процентот од „0,65%" се заменува со процентот, од „0,617%".

Член 3

Во член 3 процентот од „0,33%" се заменува со процентот, од „0,313%".

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 април 1990 година.

Бр. 08-534/7
15 мај 1990 година
Куманово

Претседател
на Собранието на Заедницата,
**Вера Атанасовска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ОХРИД

**170.**

Врз основа на член 185 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Охрид и Одлуката за овластување на Извршниот одбор на Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита бр. 03-3719 од 25. XII. 1989 година, Извршниот одбор на Собранието на седницата одржана на 18 мај 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР 03-3710 ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот на здравствена заштита за 1990 година почнувајки од 1. IV. 1990 година се определува во висина од 9,5% од што стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита ќе изнесува 4,75%, а стапката на придонесот за правата на здравствена заштита над задолжителните видови и другите права од здравствената заштита ќе изнесува 4,75%.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита на личните доходи ќе претставува остварениот личен доход на работниците, со тоа што стапката од 8% ќе се применува на бруто личните доходи, а разликата од

1,5% претворена во нето стапка ќе се применува на чистите лични доходи.

Член 3

Тарифата на придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и професионални заболувања се определува од 1. I. 1990 година: за правните лица кои се обврзници на данок на доход во висина од 0,38% од остварениот доход, а за правните лица кои не се обврзници на данок од доход во висина од 0,475% од чистиот личен доход.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува за членот 1 на оваа одлука од 1. IV. 1990 година, а за членот 3 од 1. I. 1990 година.

Бр. 03-1361
18 мај 1990 година
Охрид

Претседател,
**Климент Ставриќ,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СТРУМИЦА

**171.**

Врз основа на член 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" број 9/86) и член 22 став 8 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Струмица, Собранието на заедницата донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на основните организации на здружен труд, личниот доход од работен однос од нестопанство, земјоделска дејност и самостојно вршење на стопанска дејност, обезбедување на средства на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита за 1990 година.

Член 2

Обврзници за придонесот од доходот за социјална заштита се основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/77 и 18/80) во областа на дејностите на 01 до 11.

Член 3

Основица за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доходот на организациите на здружен труд.

Член 4

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ за социјална заштита — Струмица, за 1990 година изнесуваат:

— придонес од доходот на организациите на здружен труд од 0,475%;

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанството од 0,475%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност од 1,50%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност од 0,50%.

Член 5

Организациите на здружен труд од основното и средното насочено образование и социјална заштита ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос, во висина од 50% од утврдената стапка во член 4 на оваа одлука.

Организациите од општествена заштита на децата ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос, во висина од 50% од утврдената стапка во член 4 на оваа одлука.

Член 6

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 7

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година за издвојувањето од доходот, а од 1 април 1990 година за издвојувањето од личниот доход.

Бр. 08-45/1
23 мај 1990 година
Струмица

Собрание на ОСИЗ За социјална заштита — Струмица
Претседател,
**Борка Тасева,** с. р.

---

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/88, 24/88 и 10/90), Собранието на општината — Гостивар — Комисија за избори и именување

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор — реизбор на еден судија во Општинскиот суд во Гостивар

Заинтересираните кандидати кој ги исполнуваат условите од член 74 од Законот за редовните судови, пријавите со потребните документи, да ги достават до Собранието на општина — Гостивар — Комисија за избори и именување.

Пријавите со потребните документи се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија".

Од Комисијата за избор и именување на Собранието на општина Гостивар

---

ОБЈАВА

Врз основа на член 175 став 3 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 12/87, 50/87, 7/88, 51/88, 7/89, 18/89, 46/89 и 4/90) Републичкиот завод за статистика го утврдува и објавува

### ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТОТ НА ПРОСЕЧНИОТ ЛИЧЕН ДОХОД ВО РЕПУБЛИКАТА ЗА МЕСЕЦ МАРТ 1990 ГОДИНА

1. Порастот на просечниот личен доход во Републиката во периодот јануари 1989 година — март 1990 година во однос на остварениот просечен чист личен доход во Републиката во 1988 година изнесува 3015,6%.

Директор
на Републичкиот завод за статистика,
**Светлана Антоновска,** с .р.

## СОДРЖИНА

Страна

302. Одлука за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија и за нивното именување — — — — — — — 349
303. Одлука за утврдување на составот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот — — — — — — 349
304. Одлука за измена на Деловникот на Претседателството на СРМ — — — — — — 350
305. Одлука за составот и именување на претседател и членови на Комисијата за одликување на Претседателството на СР Македонија — — — — — — — — — 350
306. Одлука за составот и именувањето претседател и членови на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ — — — — — — — — — — 350
307. Одлука за составот и за именување претседател и членови на Комисијата за помилување на Претседателството на СР Македонија — — — — — — — — — 351
308. Решение за изменување и дополнување на Решението за именување претседател и членови на Координационото тело за организирано, усогласено и координационо остварување на мерките и активностите во областа на популационата политика — — 351
309. Решение за именување републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — 351
310. Решение за назначување помошник на директорот на Републичкиот завод за статистика — — — — — — — — — — 351
311. Решение за назначување советник на директорот на Републичкиот завод за статистика — — — — — — — — — — 351
312. Решение за именување директор на Републичкиот завод за статистика — — — 352
313. Решение за назначување советник на републичкиот секретар за народна одбрана 352
314. Одлука за висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — — 352
315. Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на пресметување и уплатување на здружените средства во фондовите за заеднички резерви — — 352
316. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 205/89 и 31/90 од 29 март 1990 година — — — — — — — — — — 353
317. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр 154/89 од 11 април 1990 година 354
318. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр 257/89 од 23 мај 1990 година — — 354
319. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 25/90 од 4 април 1990 година — 355
320. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 214/89 од 11 април 1990 година — 356
321. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У бр. 40/90 од 4 април 1990 година — 356
322. Одлука за начинот на прибирање и распределба на средствата по Законот за Црвениот крст на Македонија — — — 357

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

157. Одлука за намалување висината на стапките на придонес од личен доход од работен однос како приход на самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје во 1990 година — — — — — 357
158. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување стапката на придонесот за вработување на подрачјето на град Скопје за 1990 година бр. 08-5587/12 од 24 декември 1989 година — — — — 358
159. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на културните дејности и техничката култура на подрачјето на град Скопје за 1990 година 358
160. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на физичката култура на град Скопје за 1990 година 359
161. Одлука за утврдување на стапката на придонесот од личниот доход од работен однос, придонес од доходот на ОЗТ придонес од личен доход од земјоделска дејност, придонес од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност на СИЗ на културата — Македонски Брод за 1990 година — — — — — — — — 359
162. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонеси на ОСИЗ за социјална заштита — Гостивар — — — — — 359
163 Одлука за утврдување на пресметковната стапка на здружување средства во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Демир Хисар (за основно образование) за 1990 година — — — — 360
164. Одлука за утврдување на пресметковната стапка за здружување средства во ОСИЗ во предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата (за општествена заштита на децата) за 1990 година — — — — — — — 360
165. Одлука за утврдување на стапката на придонесот за вработување на подрачјето на општина Кичево за 1990 година — — 360
166. Одлука за стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство — — — — — — — — — — 361
167. Одлука за измена на Одлуката за утврдување стапка на придонес за здравствена заштита на работниците за 1990 година — 361
168. Одлука за намалување на стапките на придонеси за финансирање на дејноста на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Куманово за 5% од 1. IV. 1990 година — — — — — — — 362
169. Одлука за измена на Одлуката за одредување стапка на придонес за вработување за 1990 година — — — — — — — 362
170. Одлука за измена и дополнување на Одлуката бр. 03-3710 за стапките и тарифите на придонесите за здравствена заштита на работниците за 1990 година — — — — 362
171. Одлука за утврдување стапките на придонесите за социјална заштита на општина Струмица за 1990 година — — — — 363

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓорѓов“ бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев“ — Скопје